Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
Бр. 03-611/1
26.9 20 23 година
СКОПЈЕ

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Врз основа на членовите 1 и 4 од Договорот за стипендии за социјално загрозени студенти на прв циклус студии, Факултетот за музичка уметност – Скопје, објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС

## за обезбедување и користење на стипендии за социјално загрозени студенти на прв циклус студии од втора и трета година на студии за учебната 2023/2024 година на Факултетот за музичка уметност – Скопје

1. Со овој оглас се врши избор на студенти за обезбедување и користење на стипендии за социјално загрозени студенти на прв циклус студии од втора и трета година на студии за учебната 2023/2024 година на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

2. Право на учество на огласот има секој студент кој запишал зимски семестар прв циклус студии од втора и трета година на студии за учебната 2023/2024 година на Факултетот за музичка уметност – Скопје (во натамошниот текст – апликант).

На огласот немаат право да учествуваат студентите кои ја остваруваат погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2023/2024 година, согласно Интерниот конкурс за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител.

3. За спроведување на постапката за селекција на апликантите по овој оглас, Факултетот за музичка уметност – Скопје, формира комисија најдоцна од 22.9.2023 година.

4. Апликантите, најдоцна до 13.10.2023 година, до Одделението за студентски прашања треба да достават:

- Образец, кој може да се подигне од Одделението за студентски прашања и
- потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата,
- за корисници на социјална помош се доставува последно решение/потврда од центарот за социјални работи,
- за пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија,
- пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход,
- изјава за број на членови во семејството и
- изјава за точност и веродостојност на податоците.

5. Во постапката за избор на студенти за обезбедување и користење на стипендии за социјално загрозени студенти на прв циклус студии од втора и трета година на студии за учебната 2023/2024 година, Комисијата ќе изврши евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација од сите пријавени кандидати. Комисијата самостојно ги пресметува поените и креира ранг - листа. Ранг – листата се објавува на интернет страницата на Факултетот за музичка уметност – Скопје најдоцна до 20.10.2023 година и е конечна.

6. Вкупниот износ за овој Интерен оглас, од Фондот „Пријатели на Факултетот за музичка уметност – Скопје", изнесува 600 евра за сите пријавени апликанти и распределбата на износот ќе зависи од бројот на пријавени апликанти.

Факултет за музичка уметност – Скопје